14399

„Нова Македонија“, недела, 7 февруари 1971 година

X 14399

ОД ЕДЕН ДРУГ АГОЛ

— ПОВОД: ПОЛЕМИКАТА НА РЕЛАЦИЈА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА И МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# КОН ЕДНА АРТИФИЦИЕЛНА КОНФРОНТАЦИЈА

*Во неколку наврати на нашиве страници донесувавме полемички искажувања од страна на ДЛУМ и Музејот на современа уметност. Редакцијата тоа го овозможи од простата причина дека е добро да се искажуваат макар и најконтроверзни мислења за ситуацијата во нашиот ликовен живот, со цел од нив да се изведат позитивни заклучоци. Меѓутоа, редакцијата смета за потребно да се искаже по однос оваа дискусија, зашто во неа се јавуваат некои моменти што се одамна превозмогнатата практика во согледувањето и анализирањето на нашата моментна културна ситуација.*

*Најнапред да кажеме дека е добро што ДЛУМ настојува да излезе од рамките на една сталешка институција и што покажува готовност да прими компетенции и одговорност што се исклучиво во подрачјето на уметничкото вреднување. Меѓутоа, веднаш треба да се истакне и фактот дека во истапувањата на ДЛУМ значителна улога има и субјективниот фактор. Имено, кога се искажува отпор кон застарените клучови на вреднување на уметничкото творештво, се ставаат и нескриени резерви кон една институција, во случајов Музејот на современа уметност, која токму во ДЛУМ треба да ја најде својата наполна поддршка, па и смисла на национална институција.*

*Вака, се деградира неоправдано Музејот, место да се укаже на отворените прашања што произлегуваат од едно погрешно водење на ликовна политика. ДЛУМ всушност треба да се избори да стане фактор во утврдувањето на уметничкиот квалитет и вредност да се избори да ги преземе оние компетенции што во овој случај ги имаат клучовите што се остатоци на етатистичкото создавање инструменти за вреднување на уметничкиот труд и неговото пошироко афирмирање.*

*Од одговорите на Музејот на современа уметност, се гледа дека и таму превладува субјективниот фактор, дека се наоѓаат форми на дејствување со кои ќе се намали одговорноста, а ќе се задржат компетенциите. Затоа, вака поставена, оваа дискусија е во позиција на артифицијелност, зашто се фиксира во прв ред на личности, дури потоа на суштински проблеми. Таа никако не може да придонесе за афирмацијата на вистинскиот квалитет, зашто не предлага конкретни решенија, и зашто поставувајќи се вака всушност ја избегнува одговорноста, а ги пожелува компетенциите и на едната и на другата страна. Тоа нè наведува на мислата дека и оваа конфронтација не е лишена од веќе превозмогнатата психологија на личните интереси, во кои се заборава грижата за вистинскиот квалитет.*

*Редакцијата е готова и натаму да ги држи отворени своите страници за дискусија, доколку таа е конструктивна, ослободена од субјективизам, и доколку навлегува во суштинските проблеми од ова подрачје на нашата култура.*